Машински факултет
Бр.02- 296/2
3.2.2010 година
Скопје

Врз основа на член 8 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 138/2009) како и член 50 од Правилникот за внатершните односи и работењето на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, **Деканот на Факултетот на 3.2.2010 година, распишува**

## ИНТЕРЕН ОГЛАС
## за избор на демонстратори на Машинскиот факултет во Скопје

1. Заради давање помош на студентите при реализирање на вежбите по предмети што ги покриваат Институтите и Одделот на Факултетот во летниот семестар во учебната 2009/2010 година, се распишива оглас за избор на демонстратори во следниве Институти/ Оддел:

А/ Институт за механика
- за предметот: јакост 1 ............................................................. 4 демонстратори
- за предметот: јакост 2 .............................................................. 1 демонстратор
- за предметот: механика на машини ........................................ 1 демонстратор
- за предметот: кинематика ........................................................ 1 демонстратор
- за предметите: динамика на машини и механизми ............. 1 демонстратор

Б/ Институт за хидраулично инженерство и автоматика
- за предмети од областа на струјна техника и хидраулични машини ................................................................ 1 демонстратор
- за предметите: хидраулика и хидраулични машини, основа на механика на флуиди и механика на флуиди ......... 2 демонстратори

В/ Институт за производно инженерство и менаџмент
- за предметите: деловна логистика, ергономија, претприемништво и мал биознис............................................. 2 демонстратори
- за предметот: производно услужни процеси........................... 1 демонстратор
- за предметот: инженерска економика..................................... 1 демонстратор
- за предметите: метрологија и мерни инструменти, метрологија, основи на теорија на режење ............................. 1 демонстратор

Г/ Институт за заварување и заварени конструкции
- за предметите: заварување и заварени конструкции, заварени конструкции, заварување и сродни постапки ........... 2 демонстратори

Д/ Оддел за математика и информатика
- за предмети од областа на информатиката што ги покрива Одделот за математика и информатика .................................. 8 демонстратори

2. Согласно член 123 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" број 35/08) за демонстратор може да се пријави редовен студент со завршена III година на студии кој има постигнат вкупен просечен успех од најмалку 8,00 или студент запишан на II циклус на студии.

3. Во вршењето на наставно-образовниот процес на Факултетот демонстраторот ќе учествува во обем определен со студиската програма за наставниот предмет за кој е избран.

4. Документите: пријава на оглас, уверение за положени испити и уверение за запишан семестар во учебната 2009/2010 година се поднесуваат во архивата на Факултетот.

5. **Огласот трае осум дена од денот на објавување на огласната табла на Факултетот.**

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов